**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**помеѓу**

1. **Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12, во Скопје, претставувана од директорот, г-ѓа Анета АРНАУДОВСКА и

2. **Правен факултет Јустинијан први**, со седиште на Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9 б, во Скопје, претставуван од деканот на Правниот факултет – проф. д-р Горан КОЕВСКИ.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и правниот факултет Јустинијан први (во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството преку развивање меѓусебна соработка на полето на континуирана едукација на судиите и јавните обвинители, се договорија за следното:

## Член 1

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и правниот факултет Јустинијан први.

## Член 2

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во делот на законските надлежности на двете институции, со:

- Овозможување на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, по потреба, да ги користи ресурсите во просториите на правниот факултет Јустинијан први, вклучително ИТ опремата, при симулацијата на судски процеси, за реализација на практични обуки за слушателите на почетна обука и кандидатите за судии и јавни обвинители.
- Донација на стручна литература;
- Ангажирање на професорите на правниот факултет Јустинијан први и предавачите на Академијата за потребите на едукација на студентите на правниот факултет и целните групи на Академијата;
- Реализација на заеднички апликативни проекти;
- Соработка во организирање на конференции, советувања и тркалезни маси;

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето:

-ако другата страна не ги почитува обврските зацртани во овој меморандум.

**Член 7**

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење автоматски ќе се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

Потпишан во Скопје на

______________, 2017 година

| | |
|---|---|
| Академија за судии и јавни обвинители<br>„Павел Шатев“ | Факултетот за правни науки<br>при Универзитет Американ Колеџ Скопје |
| Директор,<br>м-р Анета АРНАУДОВСКА | Декан,<br>проф. д-р Горан КОЕВСКИ |
| ______________________________ | ______________________________ |